РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup

Бр. / Nr. 20-3846/1
02-04-2025 год. / viti

Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Орган на државна управа (назив)** | Министерство за финансии на Република Северна Македонија |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Марија Митевска, координатор за еднакви можности |
| **Период на известување** | 01.01.2024 година – 31.12.2024 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | ___.___.2025 година |

Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност/

Датум 02-04-2025

Име и презиме
М-р Гордана Димитриеска – Кочоска
Министер за финансии

Потпис ________________

(Одговорно лице во органот на државна управа)

Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика

____________________

Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот)

Потпис

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)

А) Позитивни

Б) Охрабрувачки

В) Програмски

/

2.2. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):

/

2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])

2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот: /

## 3. НАВЕДЕТЕ ГИ ПРЕЗЕМЕНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД:

3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:

Министерството за финансии во изминатата 2024 година, немаше изработено родово буџетска изјава имајќи во вид дека буџетските програми кои се дел од Буџетот на Министерството за финансии не се соодветни за спроведување на родово буџетска анализа. Истото се должи на фактот што програмите се однесуваат исклучиво на тековни расходи за редовно функционирање на институцијата. Претходната родово буџетска изјава се однесуваше на проектот „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“ кој е укинат од 2023 година и Министерството за финансии единствено има за задача сервисирање на обврските по претходно одобрените барања за субвенционирање на станбен кредит за истиот проект.

---

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| |
|---|
| 3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):<br>/ |
| 3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор)<br>/ |
| 3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот: / |

## 4.СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ:

4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?

Министерството за финансиии до Министерството за одбрана со допис бр.08-2062/1 од 14.02.2025 година, достави Годишен извештај за степенот на реализација на Годишниот оперативен план за имплементација на Вториот национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на ООН 1325 – „Жени, мир и безбедност“ 2020-2025, а како една од задолжените институции за подготовка на Оперативен план за имплементација на Вториот НАП за имплементација на Резолуцијата 1325 на ООН.

4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол? Да, истата е разделена по пол.

а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси

Базата на податоци со која располага Министерството за финансии е разделена по пол. Имено, согласно со Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за финансии заклучно со ден 31.12.2024 година, ја даваме следната состојба на систематизирани пополнети работни места на административни службеници по категории и нивоа на звање:

Во Министерството за финансии вкупно се вработени 621 лице, од кои 219 се мажи, а 402 се жени.

Во категоријата А на работно место државен секретар распореден е 1 жена административен службеник.

Во категоријата Б, ниво Б1, на работно место државен советник распоредени се 14 државни службеници, од кои 10 жени и 4 мажи,

на ниво Б2, раководител на сектор, распоредени се вкупно 14 државни службеници, од кои 10 жени и 4 мажи,

на ниво Б3 помошник раководител на сектор распоредени се вкупно 28 државни службеници, од кои 18 се жени и 10 се мажи, додека на ниво Б4 се распоредени вкупно 75

државни службеници, од кои 50 се жени, а 25 се мажи.
Во категоријата В, на ниво В1 советник распоредени се вкупно 159 државни службеници, од кои 111 се жени и 48 се мажи,
на ниво В2 виш соработник распоредени се вкупно 35 државни службеници од кои 23 се жени, а 12 мажи,
на ниво В3 соработник вкупно се вработени 29 државни службеници од кои 19 се жени, а 10 се мажи и на ниво В4 помлади соработници, вработени се вкупно 132 државни службеници, од кои 72 се жени и 60 се мажи.
Во категоријата Г, ниво Г1 самостоен референт вкупно се вработени 66 административни службеници, од кои 46 се жени, а 20 се мажи,
на ниво Г2, виш референт вкупно се вработени 8 државни службеници, од кои 6 жени и 2 мажи,
на ниво Г3 референти вкупно се вработени 5 државни службеници, од кои 2 жени и 3 мажи,
а на ниво Г4 помлади референти вработени се вкупно 21 државен службеник од кои 14 се жени и 7 вработени лица се мажи.
Во Министерството за финансии вработени се вкупно 33 работници, од кои 19 се жени и 14 се мажи.
Кабинетски службенци нема вработени лица.
Посебен советник е вработено 1 лице - жена.

Приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол ( вкупен број на вработени, по звање)

-Табела по пол согласно категории и нивоа на звања на административни службеници и работници во Министерството за финансии;

б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел ( опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн).

приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за предвидени корисници, целни групи и податоци разделени по пол за опфатени корисници, целни групи итн.

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ:

5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за Родова Еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува

Член на работна група за подготовка на Националниот акциски план за родова еднаквост 2025-2027 година;

Опишете според:
а) Постигнати резултати

б) Реализирани активности

в) Индикатори за мерење успешност

г)Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства

5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа

-Надлежностите на координаторот и заменик координаторот се утврдени во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии и тоа на работно место советник за административни работи при што како работни задачи и обврски се наведени истите да ги координираат и спроведуваат работите од надлежност на Министерството за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, да даваат мислења и предлзи за промовирање и унапредување на еднаквите можности во рамките на надлежностите на Министерството, како и да изготвуваат годишен извштај за работите од надлежност на Министерството за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите.

Прилог:Извадок од Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии;

5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано?

Координаторот и заменик координаторот немаат присуствувано на обуки во текот на извештајниот период односно во 2024 година.

Согласно евиденцијата која ја води Секторот за управување со човечки ресурси во периодот од 25.03.2024 година до 28.03.2024 година, двајца вработени посетувале обука на тема „Promoting Gender Equality through the Assessment of Gender Responsive Public Financial Management“ во организација на UN Women, во Истанбул Турција.
Дали тие во обуките се јавиле како: а) слушатели – да б) обучувачи/

| |
|---|
| 5.4.Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). имаат посетено:<br><br>а) координатор за еднакви можности;<br>б) заменик координатор за еднакви можности;<br><br>Координаторот и заменик координаторот немаат присуствувано на обуки во текот на извештајниот период односно во 2024 година. |
| 5.5. Колку и кои иницијативи (предлог закони, предлог стратегии, предлог информации до влада, предлог акциски планови, предлог буџети, предлог стратешки планови) координаторот и заменикот координатор за еднаквите можности на жените и мажите имаат доставено до ОДУ?<br><br>Во Законот за буџети („Сл.весник на РСМ" бр.203/22, 76/24 и 272/24), се дефинирани поимите родово одговорното буџетирање, родово одговорна буџетска изјава, родово одговорниот буџетски извештај и родово буџетските индикатори, како и обврската на буџетските корисници да ги вклучат во буџетскиот циркулар родово одговорните индикатори како алатка за следење и мерење на напредокот кон постигнување родово одговорни цели. Воедно, пропишана е и обврската на буџетските корисници при предлагање на нови прописи или акти насочени кон унапредување на родовата еднаквост да достават пополнета родово одговорна буџетска изјава, вклучување на збирен преглед на родовите одговорните буџетски извештаи во предлог – буџетот на државата и обврската на Министерството за финансии со завршната сметка да достави извештај за родово одговорни индикатори и постигнати цели и резултати преку што директно се зајакнува принципот на родова еднаквост.<br>Од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади и Министерството за финансии, а согласно Законот за буџети донесен е и Правилник за формата и содржината на родово одговорната буџетска изјава („Сл.весник на РСМ" бр.22/25).<br><br>Министерството за финансии во насока на зголемување на транспарентноста и потенцирање на родовата компонента во буџетскиот процес, на својата веб страница (http://budget.finance.gov.mk/rodova_senzitivnost.html) прикачува образложение во кое накратко се дава осврт на планираните активности и мерки на програми и потпрограми кои се со родов концепт од страна на ресорните институции, како и колкав износ на средства се планирани со Буџетот за тековната година.<br><br>Согласно член 93 став 5 од Законот за буџети, образложението на посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот, го вклучува и извештајот за постигнатите цели и резултати, како и родово одговорните индикатори. Истиот треба да даде осврт за успешноста на постигнатите цели, како и образложение за нивното отстапување. |
| 5.6. Колку од тие иницијативи биле успешни?<br><br>Правилникот за формата и содржината на родово буџетската изјава се донесени врз основа на член 8 став 7 од Законот за буџетите. Членот 8 согласно со член 26 од Законот |

за изменување и доплнување на Законот за буџетите („Сл.весник на РСМ“ бр.272/24) започна да се применува од денот на влегување во сила на овој закон односно од 27.12.2024 година, така што неговата примена ќе се следи во тековната 2025 година.

Согласно член 35 од Законот за буџети, со влегувањето во сила на истиот, Министерството за финансии во рамки на Предлог буџетот за следната година, како дел од буџетската документација, ќе доставува и сублимат на родово буџетските изјави.

## 6. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

6.1 Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале:

Министерството за финансии во изминатата 2024 година, немаше изработено родово буџетска изјава имајќи во вид дека буџетските програми кои се дел од Буџетот на Министерството за финансии не се соодветни за спроведување на родово буџетска анализа. Истото се должи на фактот што програмите се однесуваат исклучиво на тековни расходи за редовно функционирање на институцијата. Претходната родово буџетска изјава се однесуваше на проектот „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“ кој е укинат од 2023 година и Министерството за финансии единствено има за задача сервисирање на обврските по претходно одобрените барања за субвенционирање на станбен кредит за истиот проект.

6.2 Споделете пример за добра или лоша пракса:

Како пример за добра пракса ќе ја наведеме размената на искуства, соработката и партиципирањето на обуки за родово одговорно буџетирање, како и можноста родовата перспектива да биде имплементирана во една од програмите на министерството која е веќе реализирана. (Програмата „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“).

6.3. Наведете примери за научени лекции – Спроведените обуки за родово креирање политики и буџетирање, овозможија успешно да се изработи родова буџетската изјава на Министерството за финансии за Програмата „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“, која е веќе реализирана.

## 7. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:/

7.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)

- Преземање на активности при изработка на Националниот акциски план за родова еднаквост 2025-2027 година;

## 8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:/

8.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:

а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост

- Предлагаме одржување на координативни состаноци со координатори/заменици координатори од други институции кои се надлежни за имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите, а со цел запознавање со механизмите на родовата еднаквост и рамноправност, како и преземање на заеднички иницијативи за спроведување на родовата перспектива и целта на законот.

б) Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми

- Обуки за имплементација на горенаведената стратегија со планирање и организација на соодветни проекти во надлежните институции/сектори.